# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


Врз основа на чл.50 ст.1 т.16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со член 55-а ст.5 и 6 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18) и чл.10 од Одлуката за утврдување на услови во врска со вршење на авто такси превоз на патници на подрачјето на општина Кочани ("Службен гласник на Општина Кочани" бр.14/2009, бр.7/2013 и бр.14/2018), Градоначалникот на Општина Кочани на ден **27.03.2019 година** објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

за учество во постапка за распределување на расположливи лиценци, односно слободни места за користење на изводи на лиценци за авто такси возила

### I.Општи и правни услови

Во согласност со чл.55-а став 5 од Законот за превоз во патниот сообраќај и чл.10 од Одлуката за утврдување на услови во врска со вршење на авто такси превоз на патници на подрачјето на општина Кочани, бидејќи со одлуката на советот на општината, бројот на лиценците не е надминат и постојат слободни изводи од лиценци за авто такси возила, Општина Кочани во м.Јануари 2019 година објавува јавен повик за учество во постапка за распределување на расположливите лиценци, односно слободни места за користење на изводи на лиценци за авто такси возила.

Согласно Одлуката за утврдување на услови во врска со вршење на авто такси превоз на патници на подрачјето на општина Кочани ("Службен гласник на Општина Кочани" бр.14/2009, бр.7/2013 и бр.14/2018) максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто-такси превоз на патници во општина Кочани изнесува 160. Општината во лиценцата утврдува колку авто такси возила вршителот на авто такси дејноста може да користи. Вкупниот максималниот број на лиценци за вршење на авто такси превоз кои може да ги издаде Општина Кочани изнесува 30. Максималниот број на изводи од лиценци, утврден во една лиценца изнесува 35 по вршител на авто такси дејност.

### II. Документи кои треба да ги поднесат вршителите на авто такси дејноста за учество на јавниот повик за издавање извод од лиценца:

Вршителите на авто такси дејноста се должни за учество на јавниот повик да ги приложат документите од членот 9 став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај:

- барање за издавање извод од лиценца,
- доказ за сопственост или договор за финансиски лизинг за возилото - (фотокопија од сообраќајните дозволи на возилата регистрирани на име на фирмата заверени на нотар или копија од договорот за лизинг склучен со овластен дистрибутер заверен на нотар),
- копија од потврда за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возилата за вршење на одделни видови на превоз,
- доказ за вработени возачи согласно со бројот на моторните возила – (копии од обрасците М1/М2 и список на вработени по обврзник од ФПИО не постар од 60 дена),
- копија од сертификат за верификација на мерило издаден од Биро за метрологија, Министерство за економија и копија од Решение за регистрација на фискална опрема издаден од УЈП (оригиналните документи да се достават на увид),

- копија од сертификатот за возачот, кој е во редовен работен однос кај превозникот и

- копија од лична карта на возач/те,

- изјава за заштита на лични податоци - од возачот и од управителот,

- доказ (фотографии) од возилото/та за исполнување на условот за бојата на такси возилата со кои се врши превоз на патници - бела боја, со жолто обоени гепек и хауба,

- Уплатница за платена - административна такса- 50 денари за барање и

- Уплатница за платена административна такса за користење на авто такси постојки – 10.000 денари за секое такси возило за период од 5 години, односно сразмерно на периодот за кој е издаден изводот од лиценцата и тоа за период до 6 месеци 1.000 денари, до една година 2.000 денари.

Во случај кога вршителот на авто такси дејност при поднесување на барањето не може да приложи доказ од членот 9 став 2 алинеја 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај, должен е кон барањето да достави **банкарска гаранција во висина од 200 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, за секое возило за кое не може во моментот да го достави бараниот доказ со важност од 240 дена сметано од крајниот рок за поднесување на барањето за учество на јавниот повик.**

- Максималниот број на авто такси возилата кои можат да се распределат по учесник на јавниот повик изнесува најмногу 10 (десет) изводи на лиценци во текот на една календарска година на еден вршител на авто такси дејност.

**III. Документи кои треба да ги поднесат вршителите на авто такси дејноста за учество на јавниот повик за издавање лиценца за авто-такси превоз:**

Вршителите на авто такси дејноста се должни за учество на јавниот повик да ги приложат документите од членот 9 став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај:

- барање за издавање на лиценца за вршење на авто-такси превоз,
- доказ дека е впишан во Централниот регистар со регистрирано седиште на територија на Република Македонија и да има регистрирано приоритетна дејност/главна приходна шифра вршење на превоз на патници или стока во патниот сообраќај- **тековна состојба издадена од Централен регистар на РМ во оригинал;**
- доказ дека е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за превоз или да има договор за финансиски лизинг (**фотокопија од сообраќајните дозволи на возилата регистрирани на име на фирмата заверени на нотар** или копија од договорот за лизинг склучен со овластен дистрибутер заверен на нотар),
- копија од потврда за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возилата за вршење на одделни видови на превоз,
- доказ за вработени возачи согласно со бројот на моторните возила – (**копии од обрасците М1/М2 и список на вработени по обврзник од ФПИО непостар од 60 дена**),
- копија од сертификат за верификација на мерило издаден од Биро за метрологија, Министерство за економија и копија од Решение за регистрација на фискална опрема издаден од УЈП- оригиналните документи да се доставаат на увид,
- управителот или од него овластеното лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност на лице одговорно за превоз (во натамошниот текст: СПК на одговорно лице) – *овој услов не се однесува за добивање на лиценца за вршење на авто такси превоз на патници за трговец поединец,*
- доказ дека авто-такси превозниците поседуваат опрема за комуникација со такси возилата (**изјава под морална, материјална и кривична одговорност од вршителот на авто такси дејноста-управителот заверена на нотар дека поседува опрема за комуникација со такси возилата**),

- копија од сертификатот за возачот, кој е во редовен работен однос кај превозникот,
- копија од лична карта на возач/те,
- доказ (фотографии) од возилото/та за исполнување на условот за бојата на такси возилата со кои се врши превоз на патници- бела боја, со жолто обоени гепек и хауба,
- **Потврда дека не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело** против имотот, стопанството, јавните финансии, вработување и социјалната сигурност, општата сигурност на луѓето, трговија со дрога или луѓе и од областа на безбедноста во јавниот сообраќај со казна затвор од една до десет години, - **за правното лице** и **управителот на правното лице** (во оригинал) ,
- **Потврда дека не е изречена прекршочна мерка на безбедност - забрана** за вршење на професија, дејност или должност со казна од еден до десет години, за време на извршување на казната - **за правното лице** и **управителот на правното лице** (во оригинал),
- **Потврда** дека во две последователни години не е изречена повеќе од два пати **прекршочна санкција** за многу сериозни прекршоци од областа на:
    - работното време, време на возење, задолжителни одмори на екипаж на возило во патниот сообраќај и манипулација со уредите за запишување во патниот сообраќај,
    - загрозување на безбедноста на сообраќајот на патиштата со непочитување на максимално дозволена тежина, осно опторетување или димензиите на возилото само или заедно со стоката и
    - неисполнување на пропишани техничко-експлотациони услови како услов за обезбедување на услуги за патници или стока во патниот сообраќај- **за правното лице** и **управителот на правното лице** (во оригинал),
- Уплатница за платена - административна такса- 50 денари за барање и
- Уплатница за платена административна такса од 3.000 денари за издавање на лиценца за вршење на авто такси превоз на патници.

- Ново регистрирано правно лице е правно лице кое е запишано во Централниот регистар на Република Македонија не повеќе од шест месеци и не е должно да ја докажува обврската за добар углед.

По доставените барања по јавниот повик за лиценца за издавање на авто-такси превоз Градоначалникот ќе одлучи во рок од 180 дена од денот на приемот на барањето.Овој рок може да се продолжи за уште 60 дена доколку вршителот на авто такси дејноста достави доказ дека доцнењето за обезбедување на авто такси возилото е настанато поради оправдани причини или виша сила. Доколку вршителот на авто такси дејноста не ги поднесе сите докази за добивање на лиценцата, градоначалникот на општината, ќе донесе решение со кое барањето ќе биде одбиено. Против решението на градоначалникот на општината, со кое барањето за издавање на извод на лиценца се одбива може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Министерството за транспорт и врски.
Лиценцата, изводот од лиценца за превоз на патници или стока се издаваат со рок на важење од пет години.

## IV. Рок на поднесување на барања по јавниот повик

Јавниот повик трае 7 (седум) работни дена сметано од денот на (истовремено) објавување на огласна табла на Општина Кочани и на официјалната веб страница на Општина Кочани. Право на учество имаат како постојните така и идните вршители на авто такси дејноста.

**Бр.25-252/5**
**27.03.2019 година**
**Кочани**

**Градоначалник на Општина Кочани**
**Николчо Илијев**

Изработил: А.К.